Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

# Извадок на дел од дневни настани 08.03.2019

Во текот на изминатиот ден (07.03.2019 година) на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Скопје се случиле вкупно 10 сообраќајни незгоди од кои две со тешки телесни повреди, пет сообраќајни незгоди со телесни повреди и три со материјална штета. Во сообраќајните незгоди две лица се здобиле со тешки телесни повреди и шест лица се здобиле со телесни повреди. Од преземените мерки и активности констатирано е дека 34 возачи управувале возила со брзина поголема од дозволената. Од сообраќај се исклучени 25 возачи од кои: шест возачи затоа што управувале возило под дејство на алкохол, 17 возачи затоа што управувале возила без да се стекнат со право за управување на моторно возило и двајца возачи затоа што биле возачи-почетници. Исто така исклучени од сообраќај се и 15 возила бидејќи 14 биле нерегистрирани и едно возило поради претовар. Санкционирани се шест возачи поради поминување на крстосница на црвено светло, пет возачи поради недавање првенство на минување на пешаци, шест поради неправилно

престигнување, седум возачи поради неносење сигурносен појас за време на управување на моторно возило и 20 возачи поради користење на мобилен телефон при управување на возило. Во однос на пешаците санкционирани се тројца пешаци поради поминување коловоз вон пешачки премин и еден пешак поради поминување на коловоз на црвено светло. Во текот на изминатиот ден издадени се 104 мандатни платни налози и 80 возила се подигнати со специјално возило "пајак".

На 07.03.2019 година во 14,45 часот било пријавено дека во Свети Николе на улицата "Младинска" патничко моторно возило "Опел" со светиниколски таблици управувано од С.П. (43) од с.Милино удрил во пешакот Д.М.(81) од Свети Николе. Д.М. се здобил со тешки телесни повреди и бил пренесен во Клиничката болница во Штип. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од Полициската станица Свети Николе и се работи на целосно расчистување на случајот.

На 07.03.2019 година во 18,30 часот било пријавено дека на регионалниот пат Прилеп-с.Витолиште Ц.Б. (77) од Прилеп управувајќи мопед „Томос" изгубил контрола над истиот и паднал на коловозот. Ц.Б. бил пренесен во Градска Болница-Прилеп, каде од страна на лекар констатирани му биле тешки телесни повреди. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од Полициската станица Прилеп.

На 07.03.2019 година во 18,00 часот во СВР-Скопје било пријавено дека на булеварот "Партизански Одреди" наспроти Трговскиот центар "Порта Влае" Б.Л. (61) од Скопје управувајќи мопед „Бенели" изгубил контрола и паднал од мопедот. Б.Л. бил пренесен во комплексот клиники "Мајка Тереза", каде од страна на лекар констатирани му биле тешки телесни повреди. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од СВР-Скопје и се работи на целосно расчистување на случајот.

На 07.03.2019 година во 18,45 часот во СВР-Скопје било пријавено дека во с.Булачани патничко моторно возило "БМВ" со скопски регистерски таблици управувано од Д.Б.(28) од с.Булачани-скопско удрило во Б.Р.(59) од с.Булачани-скопско кој туркал мотокултиватор. Во негодата со повреди се задобил Б.Р. кој со возило на Итна медицинска помош бил пренесен во Комплексот клиники "Мајка Тереза" каде констатирани му биле тешки телесни повреди. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од СВР-Скопје и се работи на целосно расчистување на случајот.

На 07.03.2019 година во 14,30 часот на Граничниот премин "Меѓународен Аеродром-Скопје" при извршена проверка на Б.И.(27) од с.Слупчане-кумановско било констатирано истиот евидира во стоп листата со мерка „А" (Апси). Лицето било предадено на полициски службеници за спровод до КПУ-Идризово.

На 07.03.2019 година во 12.25 часот во Полициската станица Кисела Вода М.П.(53) од Скопје, пријавила дека на булеварот "ВМРО" била касната од куче скитник во пределот на левата нога.

На 07.03.2019 година во 20.15 часот во Полициската станица Центар П.М.(35) од Скопје, пријавила дека на улицата "Кирил и Методиј" била касната од куче скитник во пределот на десната нога.

На 07.03.2019, врз основа на судска наредба, полициски службеници го лишиле од слобода лицето Н.К.(17) од Скопје поради постоење основи на сомнение сторено кривично дело по член 236 од Кривичниот законик.

На 07.03.2019 околу 14.30 часот полициски службеници на Секторот за внатрешни работи Тетово го лишиле од слобода Г.Ц.(47) од село Мала Речица, тетовско. При преглед кај него била пронајдена и одземена марихуана. Г.Ц. бил задржан во Полициската станица Тетово за понатамошна постапка.

На 07.03.2019 околу 13.00 часот во Тетово од слобода бил лишен А.И.(23) од тетовското село Пирок, кај кого била пронајдена и одземена марихуана. По целосно расчистување и документирање на случајот, против А. И. ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 07.03.2019 околу 17.30 часот на улица „Браќа Блажевски" во Гостиварод слобода бил лишен и задржан во Полициската станица Гостивар В.А.(45) од село Неготино, тетовско. При прегледкај него бил пронајден и одземе хероин. По целосно документирање на случајот против В.А. ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 07.03.2019 во периодот од 10.00 до 15.00 часот СВР Штип спроведе засилена акциска контрола на возачи кои со возилата вршат непрописно престигнување. Контролирани се 87 возачи, а од нив 18 изврршиле непрописно престигнување. Санкционирани се и 21 останати прекршоци.

На 07.03.2019 полициски службеници во Секторот за внатрешни работи Битола извршиле контрола за брзина, зимска опрема, управување без возачка дозвола, нерегистрирани возила, непочитување првенство, исправност на возилата, товарни возила, сигурносен појас, светло. При контролата било констатирано дека девет возачи го управувале возилото со поголема брзина од дозволената, девет управувале без возачка дозвола, кај еден возач било утврдено присутво на алкохол. Нерегистрирани биле 10 возила,на мобилен телефон разговарале 22 возачи.Исто така, при контролата откриени се и други 28 останати прекршоци.

На 07.03.2019 во периодот од 10.00 до 15.00 часот СВР Тетово спроведе сообраќајна акциска контрола за престигнување. Со контрола биле опфатени 73 возачи(ТЕ-40 и ГВ-33), а биле откриени 26 случаи на непрописно престигнување (ТЕ-15 и ГВ-11). За овие прекршоци на возачите им биле издадени 16 мандатни(ТЕ-13 и ГВ-3) и 10 прекршочни платни налози (ТЕ-2 и ГВ-8).

На 07.03.2019 во 11.30 часот од страна на полициски службеници од Полициската станица за Граничен премин „Меџитлија" бил забележан пожар на ридот на десната страна на село Граешница. Известени се Територијалната противпожарна единица, како и ШИП-Кајмакчалан од Македонски шуми, од чија страна се испратени екипи за гаснење на пожарот.

На 07.03.2019 во СВР Скопје, В.А.(19) од Скопје пријавил дека истиот ден околу 13.00 часот тој и неговиот брат М.А. физички биле нападнати од лицата А.Б., Р.И. и А.Л.. Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

На 07.03.2019 во 12.55 часот во Полициската станица Центар, М.П.(40) од Скопје пријавила дека на 06.03.2019 околу 17.30 часот на улица „Кирил и Методиј" била касната од куче скитник во пределот на левата нога.

На 07.03.2019 во 12.00 часот во Полициската станица Драчево, Д.Н.(72) од Скопје пријавил дека на 06.03.2019 година околу 23.00 часот на улица „Иван Хаџиниколов" бил каснат од куче скитник во пределот на левата нога.

На 08.03.2019 во 00.47 часот во СВР Скопје било пријавено дека на бензинска пумпа на улица „Александар Урдаревски" двајца непознати сторители извршиле разбојништво и со закана со пиштол од вработените одзеле пари од дневниот промет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 07.03.2019 околу 21.20 часот во СВР Скопје, С.Б.(39) од село Шишево, скопско, пријавил дека истиот ден околу 20.20 часот на бул. „Партизански одреди" неговиот 17 - годишен син бил физички нападнат од неколку лица, меѓу кои било и лицето Б.Р.(18) од село Шишево. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.03.2019 околу 02 часот во СВР Скопје било пријавено дека на улица „Аврам Писевски" било опожарено возило „Рено модус" со скопски регистарски ознаки, сопственост на И.Џ.(50) од Скопје. Извршен е увид.

СВР Куманово поднесе кривични пријави против С.Е.(32) и против С.С.(43) од Куманово поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „Запуштање и малтретирање на дете". Пријавените како родители ја запоставиле својата должност за грижа и воспитување на нивните малолетни деца овозможувајќи им да се оддалечуваат од дома и да питачат на повеќе локации во Куманово и Скопје.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Ј.Д.(39) од Струмица, на издржување на казна затвор во Казно-поправниот дом Штип, поради постоење основи на сомнение дека сторил кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 06.12.2018 година во КПД – Штип, вработени извршиле претрес во просторијата во која пријавениот издржува казна затвор, при што пронашле и одзеле хероин.

На 07.03.2019 во СВР Скопје, вработена во домот „Ранка Милановиќ" пријавила дека од домот се оддалечил штитеникот Ф.К.(19) од Скопје, кој повеќе од десет пати се оддалечувал од домот и е враќан од полициски службеници. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против Ј.Ц.(68) од село Драслајца, струшко, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „бесправно градење". Во село Дрслајца, на парцела во сопственост на пријавениот, тој како инвеститор, без одобрение за градба, изградил станбена куќа.

На 07.03.2019 во 09.30 часот во СВР Скопје, 43-годишен маж од село Студеничани, скопско, пријавил дека на 05.03.2019 година околу 14.00 часот на булевар „Кузман Јосифоски-Питу" неговата 16 - годишна ќерка била пресретната од А.Р. од село Студеничани, со кого од претходно се познавале, кој на сила ја внел во своето возило, но по 40-тина минути ја пуштил да си оди без никаков физички контакт. Се преземаат мерки за целосно расчитување на случајот.

» Биро за јавна безбедност (/page/biro-za-javna-bezbednost)

» Криминалитет (/analizistatistiki/kriminal)

(/profilepage/pomoshnik-minister-co)

kontakt-telefoni.pdf)

» Архива (http://www.mvr.gov.mk/DesktopDe tabindex=0&tabid=127)

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)